# НАЦРТ СТРАТЕШКИ ПЛАН

НА ЗДРУЖЕНИЕ НА ЛИЦА СО ЦЕРЕБРАЛНА ПАРАЛИЗА
И ДРУГИ ПОПРЕЧЕНОСТИ (ЗЛЦПДП) - ВЕЛЕС

## за периодот 2023-2026

Мај 2023

**СОДРЖИНА**

КРАТЕНКИ
**ВОВЕДНО ОБРАЌАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛКАТА НА ЗЛЦПДП ВЕЛЕС**

1. ВОВЕД

2. ОПИС НА ПРОЦЕСОТ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

3. ВИЗИЈА И МИСИЈА

4. АНАЛИЗА НА ВНАТРЕШНО И НАДВОРЕШНО ОПКРУЖУВАЊЕ

5. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ, НАСОКИ И АКТИВНОСТИ (2023-2026)

6. ОРГАНИЗАЦИСКА И УПРАВУВАЧКА СТРУКТУРА

7. ПОТРЕБНИ РЕСУРСИ, ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН
   - 7.1. Предвидени и потребни финансиски средства
   - 7.2. Потребни човечки ресурси за спроведување на стратешкиот план
   - 7.3. Следење и оценка на стратешкиот план

**Кратенки**

1. БИМ - Институтот за човекови права Лудвиг Болцман Македонија
2. ВРСМ- Влада на РСМ
3. ГОи- Граѓански организации
4. ЕКЧП- Европска конвенција за човекови права
5. ЕЛС- Единици на локална самоуправа
6. ЕК- Европска комисија
7. ЕЛЕМ- Електрани на Македонија
8. ЕУ- Европска унија
9. ЗЛЦПДП- Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености
10. ИКТ- Информатичко – комуникациска технологија
11. ИТЗ – Институт за трајни заедници
12. ЛАП – Локален акционен план
13. ИПА- Инструмент за претпристапна помош
14. ИО- Извршен одбор
15. МВР- Министерство за внатрешни работи
16. МИОА- Министерство за инфомратичко општество и админстрација
17. МНР- Министерство за надворешни работи
18. МТСП - Министерство за труд и социјална политика
19. МП- Министерство за Правда
20. НАТО- Северо атланска алијанса
21. НВО- Невладина организација
22. НК- Надзорна Комисија
23. ПП- Политички партии
24. РСМ- Република Северна Македонија
25. СС- Стручна служба
26. ОБСЕ- Организација за безбедност и соработка во Европа
27. УО- Управен одбор
28. УРСМ- Устав на Република Северна Македпнија
29. УСАИД- Американска агенција за меѓународен развој
30. ЦЕПРОСАРД- Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој”
31. ЦИРа– Центар за Институционален развој

## ВОВЕДНО ОБРАЌАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛКАТА НА ЗЛЦПДП ВЕЛЕС

Со стратешкиот план на ЗДРУЖЕНИЕ НА ЛИЦА СО ЦЕРЕБРАЛНА ПАРАЛИЗА И ДРУГИ ПОПРЕЧЕНОСТИ (ЗЛЦПДП) ВЕЛЕС за периодот 2023-2026 се заокружува периодот од 25 години на функционирањето на оваа организација формирана во 12/09/1997 година. Поаѓајќи од стратешките приоритети на Програмата на „ЗЛЦПДП ВЕЛЕС", како и програмските цели и задачи дифинирани со статутиот на здружението, како и ситуацијата на лицата со посебни потреби во Велес, Вардарскиот планскиот регион и пошироко во Република Северна Македонија и направената анализа за потребите и предизвиците со кои се соочува ЗЛЦПДП ВЕЛЕС, во овој стратешки план се дефинирани следниве пет стратешки цели:

1. Овозможување социјални услуги за лицата со попреченост
2. Социјална вклученост и вработување на лица со попреченост, вклучително и жени и девојчиња преку пристапот на социјалнот претприемништво
3. Родова еднаквост на жените и девојките со попреченост и економско јакнување на жените.
4. Подобрување на здравјето и пристапот до здравствени услуги за жените и мажите со посебни потреби
5. Зголемување на свесноста на локалната заедница за потребите од подобрување на квалитетот на животот на лицата со попреченост и нивна вклученост во општествените текови

Во подготовката на овој стратешки план учествуваа претставници на управното тело и опертативните структури на ЗЛЦПДП ВЕЛЕС, донаторските институции, како и претставници на засегнатите страни кои работат во областа. Стратешкиот план ги потенцира заложбите на Здружението да ја подобри позицијата на лицата со посебни потреби , како и жените и девојчиња да бидат дел на општествената заедница третирани еднакво со другите граѓани во Република С. Македонија.

Здружението е свесно дека овој предизвик е потребно постојано да се адресира и контуинирано да се подобрува не многу ветувачката состојба со правата на лица со попреченост, вклучително и жени и девојчиња во овој момент.

Базирајќи се сегашните услови на живот на лица со попреченост, вклучително и жени и девојчиња, ЗЛЦПДП ВЕЛЕС има потреба од поддршка на практики на застапување кое базира на факти за да ги подобри условите на лица со попреченост- на локално и национално ниво.
За реализацијата на овие насоки и препораки, како дополнение на активностите на експертско ниво, дополнителни човечки, материјални и финансиски ресурси ќе бидат потребни како и подобрување на сегашната ситуација на лица со попреченост, вклучително и жени и девојчиња во РС Македонија

Им благодарам на сите кои досега дадоа свој придонес во изработката на стратешкиот план, а посебно на КВИНА ТИЛ КВИНА кој финансиски го поддржа процесот на изработка на овој стратешки план на ЗЛЦПДП ВЕЛЕС .

**Претседател**
**на** Здружение „ЗЛЦПДП ВЕЛЕС"

**ДАЛИБОРКА ЗЛАТЕВА**

___________________________

## 1. ВОВЕД

Стратешкиот план на Здружение „ЗЛЦПДП ВЕЛЕС“ во Република С. Македонија е документ во кој се претставени стратешките цели, насоките, активностите и потребните средства за период од четири години (2023-2026). Во согласност со Стратешкиот план, здружението, ќе изготвуваат годишни планови преку кои ќе се операционализира активностите за остварување на стратешките цели.

## 2. ОПИС НА ПРОЦЕСОТ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

Процесот на стратешко планирање на ЗЛЦПДП ВЕЛЕС беше спроведен во периодот март април 2023 година и беше раководен од тимот на организацијата. Самата подготвка беше координирана од еден надворешен консултант со долгогодишно искуство за раководење со процес на стратешко планирање. Процесот на изготвување се состоеше од детална анализа на моменталната состојба и потребите и плановите на организацијата. Консултантот подготви предлог програма за изработка на стратешкиот план со активности кои овозможуваат претставници на ЗЛЦПДП ВЕЛЕС да ги презентираат нивните видувања и ставови.

Самиот процес започна со спроведување на проценка на потреби со претставници на клучните засегнати страни, кои врз основа на подготвен наменски прашалник за проценка на потреби, преку реализирани 17 онлајн анкети кои ги дадоа нивните ставови и размислувања за ЗЛЦПДП ВЕЛЕС и новите стратешки насоки. Резултатите од Анализата беа сумирани, разгледани и дискутирани на тридневната работилница за стратешко планирање одржана во април 2023 година одржана во просториите на организацијата во , каде што беа утврдени клучните предизвици, предности, силни страни и слабости, како можите цели за развој. Работилницата започна со процесот на визионирање, по што беше спроведена анализа на надворешното опкружување и идентификација и анализа на внатрешни јаки и слаби страни на организацијата, и анализа на опкружувањето односно анализа на надворешни можности и закани (SWOT анализа). Потоа беше изработена Матрица на стратешка ориентација која се базира на направената SWOT анализа, што резултираше со дефинирање на нацрт стратешки цели и насоки на ЗЛЦПДП ВЕЛЕС. Во продолжение беа организирани и неколку еднодневни работилници за допрецизирање на одредени аспекти на стратешкиот план, избработка на детален план на активности за три години и буџет на стратешкиот план.

Процесот на стратешко планирање беше поддржана од КВИНА ТИЛЛ КВИНА, и воден од консултантот Зоран Стојковски, избран на јавен повик.

Членовите на извршниот одбор го усвојиа Стратешкиот план на ЗЛЦПДП ВЕЛЕС 2023-2026 на својата седница одржана на XXXXXXXXXXX.

## 3. ДОСЕГАШНИ ПОСТИГНУВАЊЕ НА ЗЛЦПДП- Велес

Позначајди достигнување на ЗЛЦПДП- Велес во периодот од востановување на организација до денес:

1. Регистрација на ЗЛЦПДП- Велес 12.09.1997
2. Проект „Идентификација на лица со попреченост и дистрибуција на ортопедски помагала" (2000 г. во соработка со Хендикеп Интернационал)
3. Проект „Изградба на првите пристапни патеки и одбележување на паркинг места во Велес" (од 2002 г. до денес)
4. Проект „Кампања за социјално вклучување во општествениот живот на лицата со попреченост" (2002 г. во соработка со МИА и други НВО од републиката со поддршка на Канадската и Швајцарската амбасада)
5. Проект „Надградба на талентите на лица со попреченост" (2003 година – финансирано од ИТЗ – ЦИРА – Амбасада на САД)
6. Проект „Пристапност за мене, мое човеково право" - Кампања за отстранување на архитектонски бариери (2004 година- поддржано од Фондација Отворено Општество)
7. Иницијатива за инклузија на децата со хендикеп во редовното образование (од 2005 г. до денес)
8. Проект „Адаптација на детска соба за полуинтензивна нега на детскиот оддел при Општа Болница Велес" - 2009 година во соработка со Амбасадата на С.Р.Германија.
9. Проект за подготовка на „Локален Акционен План за прашањето хендикеп во Општина Велес" (ЛАП) – прв ЛАП во Р. Македонија и Југоисточна Европа (2007 година – во соработка со Хендикеп Интернационал)
10. Проект „Дневен Центар за лица со инвалидност и нивна интеграција во општественото живеење" (2012 г. финансиран од Институтот за човекови права Лудвиг Болцман – БИМ Скопје)
11. Проект „Сервис за домашна поддршка на лица со попреченост" во општините Велес и Чашка за периодот април – септмври 2013 година, Финансиран од Швајцарската Агенција за обнова и развој преку Центарот за институционален развој-ЦИРА, ЕЛЕМ – Електрани на Македонија, Општина Велес
12. Организирање на летување на лица со инвалидност од Р. Македонија во месеците јуни и септември во Добре Воде – Бар, Црна Гора во соработка со „Хуманитарна фамилија". Во овој проект десега за период од 10 години се опфатени 800 лица со различна попреченост и различна старосна возраст од нашата земја.
13. Проект „Сервис за лична асистенција за лица со телесен инвалидитет" 2017 година
14. Проект „Стратегија за лица со инвалидност- ЛАПЛИ" за општините Кавадарци, Градско и Чашка потпомогнат од АЛДА- Скопје со финансиска поддршка од ЕУ
15. Проект „Кампања за родова рамноправност и родова иклузија на девојки и жени со попреченост" за Вардарски и Источен регион, финансиран од „Квина тил Квина" преку ЕУ
16. Проект „Центар за социјална инклузија на лица со попреченост" потпоногнат од бизнис секторот и граѓани од Велес и државата.

17. Инклузивен туризам на езеро „Младост“- тековен проект финансиски поддржан од Шајцарската развојна агенција. Нашата организација доби делегирана надлежност од општина Велес на период од една година за „Парк на срцата“, пристапна плажа и реквизити за во вода.
18. „Социјална инклузија и работно ангажирање на лица со попреченост и други маргинализирани групи преку одгледување лековити билки“- тековен проект кој е поддржан од Глобалниот еколошки фонд- програмата за мали грантови во РСМ на Обединетите нации. Проекто во вредност од 27.706 долари.
19. „Помош и нега во домот“ тековен проект за услуги на нега во домот за лица со попреченост кој редовно ќе вработи 6 негователи. Проектот е поддржан преку опративниот план на УНДП, Агенцијата за вработување, Министерството за труд и социјална политика со финансиска поддршка од Швајцарската развојна агенција. Проектот за период од една година е во вредност од над 3.000.000,00 денари.
20. „Живеење со поддршка за лица со попреченост“- тековен проект за деинстидуционалицазија на лицата со попреченост од СЗ „Демир Капија“ поддржан од Цепросард- Скопје во склоп на Проектот „Заедно за повеќе можности и поддршка- ТИМОР“, финансиран од Европската Унија. Преку овој проект се отворени четири дома од кои два во општина Велес и два во општина Градско. Во овие домови се сместени 20 лица со попреченост, а за нив се грижи стручен тим од 20 негувателки, социјален работни, дегектолог, психолог и физиотерапевт. Проектот има вредност над 9.600.000,00 денари на годишно ниво.

## 5. ВИЗИЈА и МИСИЈА

***ВИЗИЈА***

„Целосна прифатеност и вклученост на лицата со попречености во Вардарскиот регион и во целата држава“

Алт1 Лицата со попреченост се еднакви со сите други граѓани и ги уживаат сите права

Алт 2. Општество со еднакви можности за лицата со попреченост, која поттикнува вклученост и ???

***МИСИЈА***

ЗЛЦПДП Велес е организација која овозможува социјални услуги за лицата со попреченост вклучително и жени и девојчиња, за нивна подобра вклученост во општеството, преку пристапите засновани на почитување на човекови права, и искористување на концептите на социјална претприемништво и економско зајакнување на жените.

***КЛУЧНИ АКТИВНОСТИ***

- Програма „Живеење со поддршка“
- Програма „Помош и нега во домот“
- Одгледување органски лековити билки и создавање производи од нив.
- Економско зајакнување на девојчињата и жените со попреченост и нивна работна обука
- Развој на инклузивен туризам на езерото Младост
- Менаџирање на „Паркот на срцата“ и пристаништето за лица со посебни потреби, вклучително и жени и девојчиња, преку ианзајмување адаптирана опрема за рекреација на вода и возење трицикли.
- Следење и спроведување на стандардите за човекови права на жените и девојчињата со попреченост
- Подобрување на здравјето и пристапот до здравствени услуги за жените и мажите со посебни потреби
- Зајакнување на мрежи на локални организации кои работат со лицата со попреченост вклучително и жени и девојчиња.
- Кампањи за превенција на дискриминација на лицата со попреченост вклучително и жени и девојчиња.
- Превенција преку информирање и развој на вештини на лицата со попреченост вклучително и жени и девојчиња
- Поддршка и помош за семејствата на лицата со попреченост вклучително и жени и девојчиња (преку информации, психосоцијална поддршка, хуманитарна помош, итн)
- Превземање заеднички ад-хок иницијативи и партнерства со други организации и институци во застапување за подобрување на условите на лицата со попреченост вклучително и жени и девојчиња

***ВРЕДНОСТИ И ПРИНЦИПИ***

- **ПОСВЕТЕНОСТ**
  Ние сме ентузијасти и правиме работите да се случуваат заедно за потребите на корисниците
- **ПОЧИТУВАЊЕ**
  Ние сме сочувствителни, инклузивни и ставајќи ги луѓето на прво место.
- **ЕТИКА**
  Ние сме одговорни и го правиме тоа што велиме дека ќе го направиме
- **ЉУБОПИТНИ**

Размислуваме поинаку и гледаме начини како да се подобрат работите

- **ХРАБРИ**
  Зборуваме и го правиме тоа во што веруваме
- **ПРОФЕСИОНАЛНОСТ**
  Ние сме тим на професионалци со вештини да им помогнат на лицата со попречености
- **ОТЧЕТНОСТ**
  Транспаретно известуваме за секој потрошен денар и одлука која сме ја донеле
- **ОТВОРЕНОСТ ЗА СОРАБОТКА**
  Функционирањето во мрежи на соработка придонесува за поголемо влијание за промена на животот на лицата со поречености

***ГЕОГРАФСКИ ОПФАТ***

- Република Северна Македонија

***ЦЕЛНИ ГРУПИ***

- Лицата со попреченост вклучително и жени и девојчиња
- Вардарски плански регион и Општини
- Партнерски граѓански организации
- Влада на Република С. Македонија
- Министерство за образование и наука
- Министерство за труд и социјална политика

***ПАРТНЕРСТВА И СОРАБОТКА***

- Влада на Република С. Македонија
- Министерства во области на интерес
- Единици на локална самоуправа (ЕЛС)
- Организации на граѓанското општество
- Домашни и меѓународни донаторски организации и институции
- Амбасади во Република Македонија
- Медиуми

## *6. АНАЛИЗА НА НАДВОРЕШНО И ВНАТРЕШНО ОПКРУЖУВАЊЕ - SWOT АНАЛИЗА*

*Внатрешна организациска анализа*

### *ЈАКИ СТРАНИ*

1. ЗЛЦПДП ВЕЛЕС има јасно дефиниран фокус кон стратешките определби на здружението
2. Тимски дух и Посветеност на тимот кон работата
3. Се почитуваат со закон дефинираните правила за плата кон персоналот
4. Единствена организација која нуди социјални услуги со над 40 вработени и предничи во однос на другите слични организации
5. ЗЛЦПДП ВЕЛЕС користат простории дадени од општината и добро опремени услови за работа
6. ЗЛЦПДП ВЕЛЕС е препознатлива во работата  има традиција во работата и има бренд
7. Има тим на посветен персонал и активисти/ки кои волонтерски ги реализираат активностите
8. Експертиза за теренска работа и комуникација со целна група
9. Препознатливост на ЗЛЦПДП ВЕЛЕС како организација која дава услуги на лицата со попреченост, вклучително и жените и девојчињата

### *СЛАБИ СТРАНИ*

1. Недостасуваат средства за трошоци кои ги има здружението
2. Недостасуваат вештини кај персонлот (потребна е Обука) на пр. Основни вештини за компјутери, социјални медиуми и интернет, графика, и тн, непрофитно сметководство,
3. Систем за плати и покривање на споделените трошоци
4. Нема доволно персонал кој е пријавен на полно работо време, вклучително стручни лица (дефектолог, ...)
5. Недостасуваат лица кои пишуваат проекти
6. Потреба од подобрување на ПР стратегијата на здружението (човек и стратегија)
7. Недостасува продажба и маркетинг на продуктите на здружението
8. Немаат дефинирано јасна орг. Структура (делумно во двете активности финансирани од државата)
9. Нема поддршка од повеќе проекти истовремено (програмски и проектно фокусирани)
10. Нема искуство со обезбедување средства од crowdfunding извори и од локални донатори (поединци и претпројатија)

11. Недостаток на возило, друга опрема

*12. Нема воспоставено соработка со клучни институции, и ГОи*

*<u>Надворешна Анализа на контекстот во кој функционира организацијата</u>*

### ***МОЖНОСТИ (Позитивни надворешни фактори)***

1. Постојат институции (образование) кои имаат одлични практики на работа со ЛПП
2. Постојат донаторски програми кои поддржуваат проекти за ЛПП, жени, родова рамноправнист, за млади, за вработување, за соц.претприемништво
3. Државни институции кои би сакале да соработуваат за креирање и спроведување на политиките
4. Други ГОи сакаат да соработуваат со ЗЛЦПДП ВЕЛЕС
5. Медиуми ги покриваат теми кои ги отвора ЗЛЦПДП ВЕЛЕС

### ***НЕПОВОЛНОСТИ (негативни надворешни фактори)***

1. Постојат сеуште индивидуи кои се однесуваат со одбивност кон ЛПП (наставен кадар, обезбедувачи на услуги (такси превоз, ...)
2. Во многу семејества се негуваат традиционални вредности, кои не одат бо прилог на ЛПП
3. Има практики на стигматизирање на ЛПП од страна на бизнис секторот ?
4. ЕУ како донатор сака  меѓународни организации да ги реализраат проектите во МК
5. Локалните бизниси се тешки за донирање
6. Традиционални норми (етнички, верски, партиски, и сл) се против барањата на ЗЛЦПДП ВЕЛЕС

## 7. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ, НАСОКИ и АКТИВНОСТИ

### 7.1. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ[1] НА ЗЛЦПДП ВЕЛЕС ЗА ПЕРИОДОТ 2023-2026

1. Овозможување социјални услуги за лицата со попреченост
2. Социјална вклученост и вработување на лица со попреченост, вклучително и жени и девојчиња преку пристапот на социјалнот претприемништво
3. Родова еднаквост на жените и девојките со попреченост и економско јакнување на жените.
4. Подобрување на здравјето и пристапот до здравствени услуги за жените и мажите со посебни потреби
5. Зголемување на свесноста на локалната заедница за потребите од подобрување на квалитетот на животот на лицата со попреченост и нивна вклученост во општествените текови

### 7.2. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ, НАСОКИ[2] И АКТИВНОСТИ[3] НА ЗЛЦПДП ВЕЛЕС

**Стратешка цел 1.** Овозможување социјални услуги за лицата со попреченост

1. Програма „Живеење со поддршка“Дали се  во ред поделе бројките? Нели треба да е 1.1.1, 1.1.2 и тн.
   1. 24/7 поддршка на  лицата со попреченост (храна, давање терапија, одржување хигиена (лична), здравствени консултации со доктор, физиотерапевтска услуга, стручни услуги од дефектолог, психолог, социјален работник, рекреација и прошетки)
   2. Социјализација на штитениците (организарање спортски, забавни, културни, настани, посета на институции, итн)
   3. Обезбедување на техничка поддршка за функционирање на малите групни домови (одржување хигиена, набавки на намирници, кречење, санација, поправки)
   4. Организрање на активности за интеракција со локалната заедница (отворени денови, настани за дијаспората, итн)
   5. Набавка специјализано превозно средство со рампа

2. Програма „Помош и нега во домот“
   1. Посета на домовите на лица со попреченост и стари лица
   2. Снабдување на храна и лекови
   3. Овозможување мобилност и подобрување на моториката
   4. Олеснување во функционирањето на секојдневните обврски
   5. Разговор и дружење (решавање на крстозбори, тестови)
   6. Набавка опрема, ортопедски справи и помагала и превозно средства
   7. Активности за нивна социјализација
   8. Активности за подобрување на нивната психофизичка активност

---

[1] Стратешките цели се обележани со еден референтни број (пр. 1, 2, 3 и 4)

[2] Стратешките насоки се обележани со два референтни броја (пр. 1.1., 1.2., 2.1., 2.2., 2.3. итн)

[3] Стратешките насоки се обележани со три референтни броја (пр. 1.1.1, 1.1.2., 2.1.1., 2.1.2, 2.1.3. итн)

3. Формирање Центар за одмена на семејна грижа
    1. Наоѓање на локација за центарот и потпишување на договор со ЕЛС Велес
    2. Идејно проектни решение и план за реадаптација
    3. Обезбедување на дозвола за реконструкција и реадаптација
    4. Изведување на работи за реконструкција и реадаптација (електрична, водоводна инсталација), реконструкација на под, ѕидови.. итн,
    5. Мебел и Опремување
    6. Регрутација на вработени и обука на персонал
    7. Отворање на центарот – Градоначалник & преставници на локални и национални институции
    8. Обезбедување на услуги кон лица со попречености

4. Поддршка на семејствата на лицата со попреченост

4.1. Формирање група за поддршка на семејствата на корисниците преку различни видови на услуги

5. Проширување на социјални услуги на згрижување и домување за лица со попреченост во секоја општина во Вардарскиот регион и други локации низ државата

5.1. Потпишување на договори со секоја општина од Вардарскиот регион за социјални услуги на згрижување и домување за лица со попреченост

5.2. Воспставување на структура и капацитети за обезедување социјални услуги во секоја општина од Вардарскиот регион

6. Зголемување на активност на младите волонтери на ЗЛЦПДП,

6.1. Активности на клубот на волонтери при ОУ св. Кирил и Методиј и други млади во заедницата

6.2. Волонтирање на возрасни волонтери

**Стратешка цел 2.** Социјална вклученост и вработување на лица со попреченост, вклучително и жени и девојчиња, преку пристапот на социјалното претприемништво

1. Одгледување лековити билки и создавање производи од нив.
    1. Проширување на површините со садници од лековити органски билки (лаванда, невен, рузмарин, босилек, чубрика, нане, жалфија, итн)
    2. Садање, одлгледување, берење, сушење, пакување
    3. Доопремување на работниот центар со машини за дробење, пакување, транспортно возило
    4. Ребрендирање на производите
    5. Маркетинг и продажба
    6. Регистрација на производите
    7. Работно ангажирање од лица од маргинализрани групи за работа на плантажите и во работниот процес
    8. Организирање на тим билдинг за компании/институции на 4 декари нива лековити билки

2. Економско зајакнување на девојчињата и жените со попреченост и нивна обука за работа

    2.2.1. Идентификација на потреби за обука на жените и девојките со попречености

    2.2.2. Организрање на континуирани обуки за жените и девојките со попречености

    2.2.3. Организирање на програми за поддршка на социјално претриемнички активности и поттикнување на самостоен бизнис за жените и девојките со попречености.

2.3. Развој на инклузивен туризам на езерото Младост
2.3.1. Менаџирање на „Паркот на срцата“ и пристаништето за лица со посебни потреби, вклучително и жени и девојчиња,
2.3.2. Изнајмување наадаптирана опрема за рекреација на вода и возење трицикли на лп (бесплатно)
2.3.3. Изнајмување на опремата на други посетители со надомест
2.3.4. Изградба на дрвени куќички за престој

**Стратешка цел 3.** Родова еднаквост на жените и девојките со попреченост и економско јакнење на жените.

3.1. Едукација и развој на вештини на жени и девојки со попреченост за работа
3.1.1. Регистрација на програма за едукација за одгледување на лековити билки во ЦОВ, при МОН
3.1.2. Застапување за внесување на жени и девојки со попреченост во прогамите за алктивни мерки за вработувањер на АВРСМ
3.1.3. Сертификација на жени од рурални средини за негувателки и персонални асистенти за ЛсП

3.2. Програма за поддршка за самовработување
3.2.1. Програми за развој на женско претриемништво
3.2.2. Програми за работно анагажирање за тестирање на софтвер

3.3. Следење и спроведување на стандардите за човекови права на жените и девојчињата со попреченост
3.3.1. Доставување преставки во случај на прекршување за човекови права на жените и девојчињата со попреченост од страна на Волонтер правник
3.3.2. Соработка со институции (Народен Правобранител, Комисија за дискриминација), асоцијации (Асоцијалција на млади правници) и програми за овозможување на правна помош во случаи прекршување за човекови права на жените и девојчињата со попреченост

**Стратешка цел 4.** Подобрување на здравјето и пристапот до здравствени услуги за жените и мажите со посебни потреби
4.1. Овозможување на пристап до здравствени услуги на ЛсП (на пр. гинеколошки услуги

4.1.1. Органзиирање на редовни здравствени услуги на ЛсП (на пр. гинеколошки услуги, итн) 2 пати годишно

4.1.2. Обезбедување редовни предавања на здравстени работници за целаната група

4.1.3. Потпишување на договори за соработка со ЈЗУ и ПЗУ

4.2. Прилагодување на апартаура за лица со ПП

4.2.1..Поднесување барања за прилагодување на апартаура за лица со ПП – лица во количка,

4.2.2. Обезбедување на апаратура преку проекти и спонзорства

4.3. Едукација на здравствените работници  за работа со ЛсП

4.3.1 Организирање на серии на едукациина здравствените работници за работа со ЛсП

4.3.2. Поттикнување на академска наобразба на здравствените работници за работа/третман со ЛсП

4.4. Едукација на семејствата со ЛсП за основна здравствена нега

4.4.1. Органзиирање на редовни едукации на семејствата со ЛсП за основна здравствена нега

**Стратешка цел 5.** Зголемување на свесноста на локалната заедница за потребите од подобрување на квалитетот на животот на лицата со попреченост и нивна вклученост во општествените текови

5.1.1. Кампања за подигнување на свесноста на граѓаните и институциите за потребите лицата со попреченост на социјалните медиуми (Facebook, Instagram, LinkedIn, Youtube итн,) и на традиционални медиуми (Национални телевизии и радио станици)

5.1.2. Годишна награда за најдобри практики за почитување, помагање и промоција на потребите на лицата со попреченост на институции, здруженија и граѓани во општините на Варадарски регион

5.2.1.Отворање на нова интернет страна за информирање на јавноста за социјални услуги за лицата со попреченост кои ги овозможува организаиицја

5.2.2. Организирање на јавни инфорамтивни сесии со ЛсП за добивање на социјални услуги

5.3.1.Информирање на јавноста за програмите за Социјална вклученост и вработување на лица со попреченост преку интернет страницата

5.4.1. Промоција на концептот на родова еднаквост на жените и девојките со попреченост и економско јакнување на жените.

5.5.1. Информирање на јавноста за потребите од подобрување на пристапот до здравствени услуги за жените и мажите со посебни потреби преку дебати и интеренет страници

## 8. ОРГАНИЗАЦИСКА и УПРАВУВАЧКА СТРУКТУРА НА ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ ЗЛЦПДП ВЕЛЕС

Највисоко управно тело на ЗЛЦПДП ВЕЛЕС е Собранието, кое го сочинуваат сите членови. Собранието избира Извршен одбор (ИО) од 3 членови, кој ја има извршната функција меѓу две собранија. Здружението е раководено и претставуван од претседателот, а во нејзино отсуство од заменеик- претстедателот. ИО избира и Надзорен одбор (НО) со цел да врши контрола над спроведувањето на одредбите на статутот и контролата за наменското располагање со средствата и приходите на Здружението на граѓани „ЗЛЦПДП ВЕЛЕС“

Извршниот одбор по потреба формира работни тела/комисии, како и стручна служба за извршување на административно-стручни, помошни и на нив слични работи од заеднички интерес за остварување на задачите и целите на Здружението. Извршниот одбор формира стручна служба и ги одредува нејзиниот начин на работа и ингеренциите.

**Графички приказ 1**. Органиграм на ЗЛЦПДП ВЕЛЕС според статутот




## 9. ПОТРЕБНИ РЕСУРСИ, ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

### 9.1. ПРЕДВИДЕНИ И ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За реализација на стратешкиот план, потребно е да се обезбедат доволно ресурси за навремено подмирување на предвидените трошоци во работата на ЗЛЦПДП ВЕЛЕС. Согласно процесот на развој на стратешкиот план, направен е детален буџет потребен за негово спроведување.

За работата на ЗЛЦПДП ВЕЛЕС, секоја година се издвојуваат средства за расходите согласно одобрениот буџет, кои се дефинираат во годишниот буџет на организацијата.

За да се обезбедат средства за целосно спроведување на активностите предвидени со Стратешкиот план, задолжително ќе бидат потребни дополнителни извори на финансирање.

Исто така не треба да се заборави дека и во наредниот период, преку билатералната и мултилатералната развојна помош и агенциите за меѓународна соработка и развој, може да се користат средства кои би биле наменети за покривање на дел на активностите предвидени со овој Стратешки план. За таа цел во рамките на ЗЛЦПДП ВЕЛЕС е потребно да се развијат вештини за подготовка и менаџирање на проекти, но исто така е потребно активно да се лобира пред претставниците на владините и меѓународните институции, за да се аплицира и добијат средства за реализација на социјални услуги и овластувања.

### 9.2. ПОТРЕБНИ ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

За да се овозможи соодветно раководење со процесот на спроведување на стратешкиот план, редовно следење на спроведувањето, ревидирање и надградување на планот, и обезбедување на финансиски средства, потребно е да се размисли за доекипирање на ЗЛЦПДП ВЕЛЕС со нов персонал.

Покрај сегашниот персонал, постои потреба од најмалку два нови извршители во ЗЛЦПДП ВЕЛЕС и тоа

-две лица за раководење на проекти (проектен координатор и помошник), кои би реализирале проекти и би остварувале услуги за членството.

- едно лице како административна – финансиска поддршка.

Дел на одговорностите на персоналот би бил да следи, подготвува и раководи со спроведувањето на проекти од меѓународните донаторски агенции и институции.

Има потреба да се дефинира нов органиграм, кој што би ја рефлектирал поделбата на одговорности во тимот.

### 9.3. СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНКА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

За успешно и доследно спроведување на Стратешкиот план ќе се спроведе соодветен мониторинг во периодот кој го покрива овој документ, како и оценка на достигнувањата во секоја година. За таа цел ќе се формира работна група раководена од човек на стручната служба, за да го следат текот и динамиката на спроведувањето на овој Стратешки план. Оваа работна група ќе изготвува и поднесува извештај до членовите на ИО и НО и ќе предлагаат неопходни промени и усогласувања за достигнување на утврдените цели.

Мониторингот на спроведувањето на годишните програми на активности преку кои ќе се реализираат и остваруваат стратешките цели, континуирано ќе го врши ЗЛЦПДП ВЕЛЕС односно ИК. ЗЛЦПДП ВЕЛЕС тековно ќе ги следи предвидените активности и ќе врши евалуација на зацртаните цели квартално, со поднесување на извештаи, кои ќе содржат информации за прогресот и успехот на имплементација, како и заклучоци и препораки во функција на ефективно и ефикасно спроведување на планот. За следење на активностите се утврдени индикатори преку кои се мери степенот на остварување на целите како и извори на верификација, во рамки на деталниот план на активности кој што е во прилог на стратешкиот план.